**ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје**
**Бр. 04-______**
**_____________**
**Скопје**

Врз основа на чл.37-њ и 37- н од Законот за јавни претпријатија („Службен Весник на Република Македонија“ бр.38/96 и 39/16), чл.20–23 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги 02-1194/11 од 22.06.2017, ВД Директорот на ЈП Паркови и зеленило објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2017

### за пополнување на работно место со унапредување

| Бр. | Работно место | Одделение | Шифра | Бр. на извршители |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Оперативен техничар | Одделение за подигање зеленило | КДР0305Б03028 | 2 |
| 2 | Оперативен техничар | Одделение за интервенции во дрворедите | КДР0305Б03028 | 1 |
| 3 | Оперативен техничар | Одделение за тековно одржување на дрворедите | КДР0305Б03028 | 2 |
| 4 | Оперативен техничар | Реон – Кале | КДР0305Б03028 | 1 |
| 5 | Оперативен техничар | Реон – Градски Парк | КДР0305Б03028 | 1 |
| 6 | Оперативен техничар | Реон – Центар | КДР0305Б03028 | 1 |
| 7 | Оперативен техничар | Реон – Автокоманда | КДР0305Б03028 | 1 |
| 8 | Оперативен техничар | Реон – Капиштец | КДР0305Б03028 | 1 |
| 9 | Координатор - Одговорно лице на објект СРЦ Сарај и Езеро Треска | Одделение - Објект СРЦ Сарај и Езеро Треска | КДР0305Б02101 | 1 |
| 10 | Координатор во одделение за одржување на хидранска мрежа | Одделение за вградување на парковска хидрантска мрежа | КДР0305Б02102 | 1 |
| 11 | Координатор во одделение за одржување на хидранска мрежа | Одделение за одржување на парковска хидрантска мрежа | КДР0305Б02102 | 1 |

**Општи услови, утврдени со член 37-ж од Законот за јавни претпријатија се:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови предвидени за работното место утврдени со Законот за јавни претпријатија:**

- Стручни квалификации Б2 и Б3 ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование;
- Работно искуство, најмалку две години работно искуство во струката за ниво Б2 и најмалку една година работно искуство во струката за Б3 ниво.

На интерниот оглас може да се пријават сите вработени од претпријатието кои ги исполнуваат општите и посебните услови пропошани за соодветното работно место согласно правилникот за систематизција на работните места во претпријатието.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку архивата на ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје до Одделението за управување со човечки ресурси на адреса ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје, бул.Илинден бр.104 како и до службената електронска адреса **covecki.resursi@parkovi.com.mk** со назнака “за интерен оглас“.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**ЈП Паркови и зеленило**

**ВД Директор**
**Ardijan Muça**

______________________